Macedonian
ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА АВСТРАЛИСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# Нови рокови за запишување во гласачките списоци, или за обновување на вашите поединости за сојузните избори

Беа направени значителни промени во роковите за запишување во гласачките списоци, или за обновување на вашите податоци за сојузните избори.

Ако не сте запишани во гласачките списоци, или ако не сте сигурни дека вашето име или адреса во гласачките списоци се точни и најнови, постои опасност дека нема да можете да гласате.

Новите рокови, наведени подолу за различни околности, ќе важат откако ќе биде објавен новиот законски проглас за изборите. Законски проглас е законски документ што е неопходен за да отпочнат новите временски распореди и постапка за сојузните избори. За претходните неколку сојузни избори, законскиот проглас беше објавуван во рок од еден до четири дена откако премиерот ќе го објавеше датумот на изборите.

За да гласате на сојузни избори, вашиот формулар за запишување во гласачките списоци мора да биде исправно пополнет и примен од Австралиската изборна комисија (AEC) пред затворањето на гласачките списоци:

| Ако: | Датумот кога ќе се затворат гласачките списоци и крајниот рок за да го прими Австралиската изборна комисија вашиот исправно пополнет формулар за запишување е: |
|---|---|
| **Се запишувате во гласачките списоци** за **прв пат** | 8 часот попладне **истиот ден** кога е објавен законскиот проглас за изборите |
| **Освен ако:** | |
| **имате 17 години, но ќе наполните 18 години** од денот по објавувањето на законскиот проглас до денот на изборите (вклучувајќи го и тој ден) | Тогаш крајниот рок е 8 часот попладне, **три работни дена** по денот на објавувањето на законскиот проглас за изборите |
| **или** | |
| **треба да станете австралиски државјанин** од денот по објавувањето на законскиот проглас до денот на изборите (вклучувајќи го и тој ден) | Тогаш крајниот рок е 8 часот попладне, **три работни дена** по денот на објавувањето на законскиот проглас за изборите |

Продолжува на другата страна

| | |
|---|---|
| **Повторно се запишувате** за да бидете пак ставени на гласачките списоци откако сте биле отстранети од нив поради било каква причина | 8 часот попладне **истиот ден** кога е објавен законскиот проглас за изборите |
| **Сте запишани во списоците,** но **ви застарела адресата** или **поединостите за името** | Тогаш крајниот рок е 8 часот попладне, **три работни дена** по денот на објавувањето на законскиот проглас за изборите |

## Мора да пополните формулар за запишување во гласачките списоци секојпат кога ќе се преселите на друга адреса

Ако сте се преселиле, а не сте ги обновиле вашите поединости во гласачките списоци, може да бидете отстранети од гласачките списоци ако Австралиската изборна комисија утврди дека вашето запишување е застарено.

Ако треба да го обновите вашето запишување, сторете го тоа сега така што ќе пополните нов формулар. Ваша обврска е во гласачките списоци да бидете запишани со точни и најнови податоци. Не доведувајте се во опасност да ја пропуштите можноста да гласате.

Проверете ги вашите податоци во гласачките списоци и обезбедете си повеќе информации и формулари за запишување на местото на интернет www.aec.gov.au, посетете некоја од канцелариите на Австралиската изборна комисија* или телефонирајте на 13 23 26. Формулари за запишување исто така може да се добијат од сите канцеларии на Австралиската пошта (Australia Post).

*Локациите на канцелариите на Австралиската изборна комисија (AEC) се наведени во белиот телефонски именик (white pages).